# Повик за доделување грантови на граѓански организации кои дејствуваат како промотори на слободата на изразување во локалните заедници

## Проект за младинско изразување

*Период на спроведување на проектот: 01.01 2018 – 30. 06. 2020*
*Датум на објавување на повикот: 30. 10. 2018*
*Краен датум за поднесување на апликациите: 30. 11. 2018, 17 часот.*
*Референтен број на проектот: IPA/2017/393-661*

Проектот за младинско изразување е поддржан од Европската Унија и спроведуван од Младински образовен форум,
Центарот за балканска соработка - Лоја и Младински сојуз Крушево

**Содржина:**

**1. За проектот**
**2. За повикот**
**3. Подобност за аплицирање**
**3.1. Подобни активности**
**4. Расположливи средства и трошоци**
**4.1 Расположливи средства**
**4.2 Трошоци кои ги покрива проектот**
**4.3 Трошоци кои не ги покрива проектот**
**5. Начин на аплицирање**
**5.1. Листа на потребни документи за целосна документација**
**5.2. Краен рок за аплицирање**
**6. Оцена на предлог проектите**
**6.1. Проверка на поднесоци**
**6.2. Дополнителни информации**
**7. Прилози**

Проектот за младинско изразување е поддржан од Европската Унија и
спроведуван од Младински образовен форум,
Центарот за балканска соработка - Лоја и Младински сојуз Крушево

## 1. ЗА ПРОЕКТОТ

Проектот за младинско информирање (Youth Expression Project) е финансиран од Европската Унија и се спроведува од Младински образовен форум во соработка со Младински сојуз Крушево и Центарот за балканска соработка – Лоја.

Целта на проектот е да се придонесе кон тоа младите да станат лидери во промоција на слободата на изразување, човековите права и интеграција и двигатели на промена за слободно и општествено одговорно инклузивно општество. Оттаму, проектот е креиран во насока на вклучување на младите во општествените процеси на носење одлуки, со акцент на креирање простор за изразување на мислењата и погледите на младите. Во состојба на оддалеченост на младите од општествените текови и образовен систем кој не создава подготвеност за граѓанско вклучување, овој проект нуди можности за активно граѓанство на младите и слободно изразување на своите мисли и потреби преку обуки, јавни настани и кампањи со кои ќе допрат до засегнатите страни, но и целокупната јавност.

Проектот отвора простор за градење на капацитетите на граѓанските организации во полето на слобода на изразување. Во рамки на проектот ќе бидат отворени повици за поддршка на проекти за два циклуси на регрантирање на граѓански организации кои делуваат како промотери на слободата на изразување во локалните заедници.

## 2. ЗА ПОВИКОТ

Повикот за регрантирање цели да се создаде простор за позиционирање на младите преку тоа што ќе се подобри нивото на учество и вклучување, користењето на правата и слободите на младите и ангажираноста и влијанието на политиките на локално и национално ниво. Со оваа поддршка ќе се создаде платформа за различни организации да преземат активности за подобрување на општеството со младите во фокус, да ги градат своите капацитети и да ги зголемат знаењата за застапување, учество и вмрежување.

Во насока на исполнување на целите на Проектот, предвидена е поддршка на граѓански организации, промотери на слободата на изразување во локалните заедници.

Преку финансирањето на граѓанските организации Проектот цели да ги оствари следните резултати:

1. Организациите да креираат силни процеси за застапување и да изградат механизми за соработка со институциите и засегнатите страни;
2. Активностите на граѓанските организации да се имплементираат на начин што ќе го зајакне младинското позиционирање и видливоста на младите и младинското учество;
3. Активностите на граѓанските организации во процесот на ре-грантирање да го подобрат нивниот организациски развој и опсег;
4. Застапувањето на граѓанските организации да биде врз основа на докази, односно преку методите на истражување, анализа и набљудување;
5. Унапредени модели на младинско учество, организирање и вклучување во процеси на носење одлуки;
6. Зголемено разбирање за основните права, зголемена инклузија на младите и имплементирање на успешни практики.

## 3. ПОДОБНОСТ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

На овој повик за ре-грантирање свои предлог-апликации можат да поднесат организации кои се регистрирани согласно Законот за здруженија на граѓани и фондации, а ги исполнуваат следниве критериуми:

1. Да се основани во државата и регистрирани како здружение на граѓани најмалку 2 години пред објавувањето на овој повик;
2. Да се граѓански непрофитни организации кои работат самостојно;
3. Да имаат објавено финансиски и наративен извештај за 2016 и 2017 година.

### 3.1. ПОДОБНИ АКТИВНОСТИ

Со повикот за ре-грантирање ќе бидат поддржани иницијативи на граѓански организации со кои ќе се промовира слобода на младинско изразување преку следната листа на активности (листата не е ограничена, можна е поддршка и на други активности доколку се утврди дека тие се во согласност со целите на проектот):

1. Активности кои ја подигнуваат јавната свест за важноста на слободата на изразување, остварување на основните човекови права и слободи (вклучувајќи ја слободата на здружување, слобода на мисла, право на вероисповед, право на образование, право да се учествува во културен живот, право на глас);
2. Активности од областа на младинскиот активизам и користење на слобода на изразување преку уметнички алатки, форми и модули на позитивни практики;
3. Промоција на иновативни пристапи во решавањето на релевантни младински проблеми, користејќи методи на дијалог, консултации и дискусија помеѓу сите засегнати страни (млади, локални институции, национални институции, бизнис сектор, средношколски и студентски претставници, политичари, академици);
4. Активности што поврзуваат млади од различни средини, национални институции и млади, локални институции и млади;
5. Истражувања за политики, анализи за потребите и недостатоците во младинските политики, истражувања на мислења, мониторинг или следење на активностите поврзани со младите.

## 4. РАСПОЛОЖЛИВИ СРЕДСТВА И ТРОШОЦИ

### 4.1. РАСПОЛОЖЛИВИ СРЕДСТВА

Вкупниот износ на средствата за финансирање на граѓански организации предвидени за овој повик изнесува 30.000 евра.  Буџетите  на предлог проектите доставени на овој повик треба да изнесуваат минимум 1.000 евра, а максимум 7.500 евра. Буџетот на повеќето грантови се очекува да биде 5.000 евра.
Активностите во предлог-проектите доставени на овој повик за доделување на грантови треба да траат од 6 (шест) до 9 (девет) месеци.

Проектот ќе доделува грантови на граѓански организации преку два повици: првиот во октомври 2018, вториот во 2019. Во рамките на првиот повик ќе бидат финансирани минимум 4 граѓански организации. Проектот го задржува правото да додели помалку од предвидените средства за овој повик и истите да ги искористи за идниот повик.

**4.2. ТРОШОЦИ КОИ ГИ ПОКРИВА ПРОЕКТОТ**

1. Директни трошоци поврзани со спроведувањето на активностите;
2. Хонорари и патни трошоци за предвидените активности;
3. Канцелариски материјали за остварување на предложените активности.

**4.3. ТРОШОЦИ КОИ НЕ ГИ ПОКРИВА ПРОЕКТОТ**

1. Трошоци финансирани од друг проект односно донатор или финансирање на проекти чие спроведување е во тек или се завршени;
2. Трошоци за индивидуални цели како спонзорства, школарини за студии, обуки, конференции итн.;
3. Активности креирани за заработка на апликантот;
4. Загуби при размена на валути; загуби или непредвидени давачки на апликантот, односно провизии за загуби или давачки;
5. Финансирање на трети лица;
6. Давање кредити на трети лица;
7. Купување на недвижнини, мебел, возила, опрема, градежни работи, реконструкција на градежни објекти;
8. Финансирање на активности на политички партии;
9. Исплаќање на минати долгови;
10. Хуманитарни активности;
11. Плати/хонорари на вработени во јавна администрација.

## 5. НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ

**5.1. ЛИСТА НА ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЦЕЛОСНА АПЛИКАЦИЈА:**

Граѓанските организации потребно е да ги поднесат нивните апликации преку користење на формуларот за аплицирање, кој ги вклучува следните составни делови:

1. Формулар за аплицирање;
2. Скенирана копија на последната страница од формуларот за аплицирање (со печат и потпис);
3. Формулар за буџет;
4. Копија од тековна состојба, не постара од 6 месеци од денот на поднесување на апликацијата;
5. Наративен и финансиски извештај за работата на организацијата 2017 или линкови до истите;
6. Работни биографии (CV) на проектниот тим;
7. Копија од ревизиски извештај за 2017 година (опционо).

Проектот за младинско изразување е поддржан од Европската Унија и спроведуван од Младински образовен форум,
Центарот за балканска соработка - Лоја и Младински сојуз Крушево

**5.2. КРАЕН РОК ЗА АПЛИЦИРАЊЕ**

**Крајниот рок** за доставување е **30ти ноември 2018 до 17 часот.**
Апликациите поднесени на овој Повик потребно е да ги содржат, компјутерски и уредно пополнети, документите наведени во листата, а се доставуваат во електронска форма на адресата yep@mof.org.mk.
Назнаката на пораката со која се доставува апликацијата (subject) треба да биде: Апликација за грант – Проект за младинско изразување – Прв циклус.
Документите треба да бидат пратени исклучиво во формати поддржани од Microsoft Office Word и Excel, и .PDF или .JPG доколку станува збор за скенирани документи. Документите не треба да надминуваат тежина од 15MB. Не треба да се испраќаат .rar или .zip архиви.

За дополнителни информации кои се однесуваат на поднесувањето на предлог - апликациите заинтересираните апликанти може да се обратат со прашања на yep@mof.org.mk со назнака *[Инфо] Повик за регрантирање,* најдоцна до 23-ти ноември 2018 за да може да добијат одговори на време, пред истекот на крајниот рок. Од страна на Проектот ќе биде организирана и информативна сесија за заинтересираните апликанти на 21-ви ноември 2018 во ЕУ Инфо центарот со почеток во 11:00 часот.

## 6. ОЦЕНА НА ПРЕДЛОГ-ПРОЕКТИ

**6.1. ПРОВЕРКА НА ПРЕДЛОГ - АПЛИКАЦИИ**
Ќе бидат земени предвид само навремено и комплетно доставените предлог - апликации. **Напомена: Секоја организација може да поднесе не повеќе од една предлог-апликација, која останува како евиденција за Проектот, недостапна за трети лица.**

Поднесените предлог - апликации ќе подлежат на административна проверка и проверка на квалитетот на предложените активности и подобноста на апликантите.

Ќе бидат селектирани апликациите за проекти кои:
• Соодветствуваат со целите на Проектот за младинско изразување;
• Содржат иновативни, креативни и нови модели на работа со млади;
• Промовираат интеграција на различните заедници и внимаваат на родовата застапеност;
• Имаат соработка со различни чинители - други граѓански организации, локални и национални институции, бизнис сектор, медиуми;
• Буџетот за предлог – проектот нема да го надмине максималниот износ за грант, назначен во повикот.

За целосно поднесена апликација ќе се смета онаа која ги вклучува сите целосно пополнети формулари и дополнителни документи.

## 6.2 ОЦЕНКА ЗА КВАЛИТЕТ И ПОДОБНОСТ НА АПЛИКАЦИЈА

| **Оцена за квалитет и подобност на апликацијата** | |
|---|---|
| **Критериуми** | **Поени** |
| **1.Организациски капацитети за спроведување на предлог-проект** | **10** |
| 1.1. Капацитети на организацијата за управување, администрирање и менаџирање на проекти | 5 |
| 1.2. Претходно искуство на организацијата од областа на посочените теми | 5 |
| **2.Релевантност на предлог-проектот со дефинираните цели и резултати на повикот** | **20** |
| 2.1. Релевантност на предлог-проектот во согласност со поставените цели и очекувања наведени во повикот | 10 |
| 2.2. Воспоставен систем на управување на организацијата | 10 |
| **3. Опис на предлог-проектот** | **40** |
| 3.1. Колку предложените активности во предлог - проектот соодветствуваат со поставените цели на повикот | 20 |
| 3.2. Концизност на акциски план на предлог - проектот | 10 |
| 3.3. Дефинирани индикатори за постигнувања на предлог - проектот | 10 |
| **4. Претходно преземени акции за унапредување на младинско учество** | **10** |
| 4.1. Претходни акции во областа на младинско учество | 10 |
| **5. Буџет и ефикасност на трошоците** | **20** |
| 5.1. Колку активностите се соодветни со буџетот, односот помеѓу трошоците и резултатите од предлог-проектот | 20 |
| **Вкупно поени:** | **100** |

## 7. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

За сите организации кои ќе бидат избрани на повикот ќе биде организирана задолжителна координативна обука на која проектниот тим ќе даде објаснување за правилата и процедурите на проектот. Секоја организација ќе добие ментор кој ќе дава насоки, совети и ќе биде вклучен во процесот на исполнување на активностите. Согласно потребите на секоја организација ќе бидат организирани соодветни обуки, со цел организациите да ги зголемат своите капацитети за организациски и програмски развој во согласност со целите на проектот.

Сите избрани грантисти ќе треба самостојно да спроведат постапка за ослободување од ДДВ по основ на странска донација во Секретаријатот за европски прашања (СЕП).

Организаторот на повикот го задржува правото во процесот на селекција да побара дополнителна документација од апликантите.

Проектот за младинско изразување е поддржан од Европската Унија и спроведуван од Младински образовен форум,
Центарот за балканска соработка - Љоја и Младински сојуз Крушево